ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-298/5**

**Дата: 01.04.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БРВЕНИЦА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Брвеница за 2008 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Брвеница за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

   - Џелал Рамадани, градоначалник во 2008 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 21.12.2009 до 14.01.2010 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**10.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што е спротивно на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Причините за овие ризици се следните:

- недонесените пишани процедури за движење на документацијата во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;
- неназначен одговорен сметководител кој ќе врши проверка и одобрување на документацијата која треба да се плати;
- нема поставено раководители на одделенијата кои ќе вршат контрола и координација на работењето.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Брвеница да:

- донесе пишани процедури за движење на документацијата и упатство за материјално и финансиско работење;
- да назначи одговорен сметководител кој ќе врши проверка и одобрување на документацијата која треба да се плати и
- согласно Правилникот за систематизација на работните места, да назначи раководители на поодделните одделенија.

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Општина Брвеница нема донесено Програма за уредување на градежно земјиште, со која се уредува:

- просторот кој е предмет на уредувањето;
- обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарна инфраструктура;

- изворите за финансирање на Програмата;
- пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
- висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и т.н.

Не донесување на Програма за уредување на градежно земјиште е спротивно на Законот за градежно земјиште и придонесува за непланирани активности во делот на уредувањето на градежното земјиште.

**Препорака:**
На предлог на градоначалникот Советот на општината да донесе Програма за уредување на градежно земјиште на општината.

**10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на Општина Брвеница со состојба на 31.12.2008 година не е целосно извршен, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи со извршениот попис на обврските, не е утврдена правната основа на истите.
Не целосното спроведување на пописот е резултат на непостоење на акти за спроведување на пописот и не постапување согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Ваквиот начин на постапување создава можност за нереално искажување на обврските и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Пописната комисија да врши попис на обврските спрема добавувачите, утврдувајќи ја правната основа на истите.

10.3.2. Во 2008 година вршени се набавки на канцелариски материјали, прехранбени продукти и пијалаци, средства за хигиена, разни потрошни материјали, ситен инвентар и електроматеријали.
За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите нема утврдено сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Не се изготвуваат сметководствени документи за приемот и издавањето на материјалите.
Не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.

**Препорака:**
Да се воспостави сметководствена политика за евидентирање на материјалите и ситниот инвентар.

10.3.3. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реконструкција и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Материјални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект и соодветно на тоа, при давањето на истите во употреба, да се евидентира зголемување на набавната вредност и вредноста на деловниот фонд.

**Препорака:**

Да се воспостави сметководствена политика за евидентирање на инвестициите во тек како основа за зголемување на набавната вредност на основните средства.

### 10.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.4.1. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи е искажана во поголем износ за 213 илјади денари, поради исплатени надоместоци:

- на членови на Советот на Општина Брвеница кои не присуствувале на седници на Совет, во износ од 92 илјади денари, и
- на членови на Советот за присуство на венчавки и за работа во комисии во износ од 121 илјади денари.

Ваквите исплати не се во согласност со Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката.
Непочитувањето на законот придонесува за ненаменско и незаконско трошење на средствата на општината и до зголемени расходи.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Брвеница да се заложи надлежните служби во Општина Брвеница да преземат мерки за враќање на незаконски исплатените парични средства.

10.4.2. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на направените расходи на позицијата Стоки и услуги во износ од 468 илјади денари кои се однесуваат на расходи за одржување на патишта и други градби, поправки и одржување на опрема, поради тоа што со фактурите не се приложени работни налози или извештаи потпишани од лице за надзор кое ќе потврди дека работата е завршена.
Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и го зголемува ризикот од ненаменско и незаконско користење на буџетските средства на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Брвеница да донесе пишани процедури со кои ќе се утврди дека плаќањата ќе се вршат врз основа на веродостојна и комплетна документација, односно со фактурите да се приложуваат испратници, работни налози или извештаи потпишани од лице за надзор или од лице кое ги нарачало материјалите или услугите.

### 10.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

10.5.1. Општина Брвеница во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/110 од 08.02.2000 година донесено од Владата на Република Македонија, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Брвеница, врз основа на спроведен делбен биланс. За овој имот општината има обезбедено имотни листи од Агенцијата за премер и катастар на недвижности, го има искажано како состојба во пописните листи за 2008 година но без утврдена вредност, поради што и не е евидентиран во сметководството.
Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2008 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината

**Препорака:**
Да се изврши проценка на вредноста на имотот согласно Методологијата за проценка, по што надлежните во сметководството треба да извршат евидентирање на истиот.

**10.6. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди не применување на одредбите од Законот за јавни набавки и под законските акти од обласа на јавните набавки поради следното:

10.6.1. Спротивно на Законот за јавни набавки, без постапка за јавна набавка извршени се набавки во вкупен износ од 3.235 илјади денари (Прилог 1 од Извештајот).

10.6.2. По Оглас за доделување на договор за јавна набавка број 3/2008 со Отворена постапка од 2008 година со предмет на набавката, Изградба на одводни канали во н.м. Долни Челопек утврдена е следната неправилност:

- склучен е Договор бр. 08-1426/1 од 07.11.2008 година на износ 7.653 илјади денари со ддв, а потоа и Анекс на договорот бр. 08-439/1 од 17.03.2009 година на износ 5.499 илјади денари со ддв што претставува 72% од вредноста на основниот договор спротивно на членот 99 став 2 од Законот за јавни набавки каде е пропишано дека вредноста на дополнителните работи не смее да надмине 30% од вредноста на основниот договор.

10.6.3. Ревизијата ги утврди и следните состојби кои се спротивни на Законот за јавни набавки и тоа:

- комисијата за јавни набавки не составува извештај од спроведената постапка за јавна набавка со преговарање без претходно објавување на оглас во која детално ќе ги наведе причините за спроведување на таквата постапка како и за начинот на спроведување на постапката.
- нема изјави за непостоење конфликт на интереси од членовите на комисијата за јавни набавки (член 173 став 1 алинеја 11).

11. Ефектите од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата се корекција на состојбата на поодделни сметки и тоа:

- зголемување на состојбата на обврски спрема добавувачи и активни временски разграничувања за износ од 3.834 илјади денари , и
- намалување на состојбата на сметката Обврски спрема добавувачи во земјата за износ од 6.832 илјади денари со истовремено намалување на состојбата на сметката Активни временски разграничувања за истиот износ.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите од точките 10.3. и 10.5. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Брвеница под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на наодите од точките 10.4. и 10.6. кај Органот на Општина Брвеница, за 2008 година не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

Скопје, 26.03.2010 Овластен државен ревизор

**ОРГАН НА ОПШТИНА БРВЕНИЦА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 24.895 | 33.101 |
| **Вкупно приходи** | | **24.895** | **33.101** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 8.219 | 7.653 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 4.977 | 6.866 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 10.021 | 201 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **23.217** | **14.720** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 1.678 | 18.381 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.678** | **18.381** |
| **Вкупно расходи** | | **24.895** | **33.101** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА БРВЕНИЦА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2008 година**

| | | | **во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2008** | **2007** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1. | 10 | 10 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.2. | 150 | 150 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 9.522 | 4.439 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.682** | **4.599** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 7.086 | 7.291 |
| **Вкупно постојани средства** | | **7.086** | **7.291** |
| **Вкупна актива** | | **16.768** | **11.890** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 8.832 | 4.439 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 182 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 20 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.4. | 150 | 150 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.5. | 488 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.6. | 10 | 10 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **9.682** | **4.599** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 7.086 | 7.291 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **7.086** | **7.291** |
| **Вкупна пасива** | | **16.768** | **11.890** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА БРВЕНИЦА**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **7.291** | **-** | **7.291** |
| **Зголемување по основ на:** | | **-** | |
| Набавки | 401 | | 401 |
| **Намалување по основ на:** | | **-** | |
| Амортизација | 606 | | 606 |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **7.086** | **-** | **7.086** |